**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

# за V одделение

Скопје, 2021 година

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ***1. Јазик и комуникација***<br>***2. Литература и творење***<br>***3. Медиумска култура и медиумска писменост*** |
| **Број на часови** | 5 часа неделно/180 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Таблет, компјутер.<br>• Паметна (смарт) табла.<br>• Маркери во боја, моливи, хартија.<br>• Наставни листови, плакати, картички со зборови, ленти со реченици, постери, илустрации со слики поврзани со содржините и активностите.<br>• Книги (приказни, раскази, романи за деца, басни, бајки, стихотворби, гатанки, поговорки).<br>• Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници.<br>• Дигитална библиотека со книги.<br>• Библиотека во училница со книги.<br>• Анимирани филмови, аудиовизуелни записи од театарски претстави, интернет образовни софтвери и други аудиовизуелни средства и други средства во зависност од целта. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Јазична писменост:**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми, табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |

| | |
|---|---|
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Општество и демократска култура*** и ***Уметничко изразување и култура***.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |

| | |
|---|---|
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |

| | |
|---|---|
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Подрачје:** ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***
**Вкупно часови: 100**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави разлика меѓу усна и писмена комуникација и меѓу комуникација на стандарден/литературен јазик и на дијалект/народен говор;
2. ги изговара правилно согласките и самогласките и да го применува правилото за третосложно акцентирање;
3. ги препознава и правилно да ги користи: бројот на именките, видовите заменки (показни, прашални), лицето, бројот и времето кај глаголите, видовите прилози и сврзниците;
4. претвора различни видови реченици од директен во индиректен говор и обратно;
5. наведува зборови со исто, спротивно или различно лексичко значење;
6. идентификува подмет и прирок во реченица и да составува разни видови реченици;
7. ги применува правилата за употреба на правописните знаци, за пишување почетна мала и голема буква, за пренесување на зборовите и скратување на зборовите;
8. чита куси текстови со разбирање.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • Јазикот како средство за комуникација (знаци, сигнали, симболи, усна и писмена комуникација, стандарден/литературен јазик, дијалект/народен говор) | • Го објаснува јазикот како систем на знаци што се употребуваат за комуникација.<br>• Го идентификува јазикот како основно средство за комуникација, а гестовите, мимиките, говорот на телото, симболите и сигналите како помошни средства за пренесување и примање информации.<br>• Ја објаснува разликата меѓу усната и писмената комуникација и наведува примери за едниот и другиот вид.<br>• Препознава кога комуникацијата е на стандарден/литературен јазик, а кога е на дијалект/народен говор и објаснува зошто.<br>• Користи стандарден македонски јазик во усна и писмена комуникација. |
| • Самогласки и согласки | • Прави разлика меѓу самогласки и согласки.<br>• Ги наведува самогласките во македонскиот јазик.<br>• Правилно ги изговара самогласките и согласките. |
| • Акцент | • Правилно акцентира двосложни и трисложни зборови.<br>• Звуковно го нагласува акцентираниот слог при читање и усно изразување.<br>• Посочува примери за зборови од различни дијалекти на македонскиот јазик кои се разликуваат од стандардниот јазик во акцентирањето. |
| • Именки (еднина и множина кај именките, збирни именки, материјални именки) | • Дава примери за именки од машки, женски и среден род во формите за еднина и множина.<br>• Наведува примери за именки што секогаш се јавуваат само во форма за еднина.<br>• Наведува примери за именки што секогаш се јавуваат во множинска форма, независно дали се однесуваат на еден или на повеќе предмети.<br>• Препознава збирни и материјални именки во текст. |
| • Заменки (показни заменки, прашални заменки) | • Ги препознава формите од показните заменки во пишан текст.<br>• Правилно ги користи показните заменки при усно и писмено изразување.<br>• Ги препознава прашалните заменки во пишан текст.<br>• Правилно ги користи прашалните заменки при усно и писмено изразување. |
| • Придавки (бројни придавки, материјални | • Определува род и број на придавка според бројот и родот на именката.<br>• Идентификува бројни и материјални придавки во текст. |

| | |
|---|---|
| придавки, степен кај придавките) | • Правилно ги користи бројните и материјалните придавки при усно и писмено изразување.<br>• Правилно користи **по-** и **нај-** за степенување на придавките при споредување на два или повеќе предмети/објекти. |
| • Прилози<br>(прилози за време, за место, за начин и за количество) | • Идентификува прилози за време, место, начин и количество во пишан текст преку поставување соодветни прашања (*Кога?, Каде?, Како?* и *Колку?*).<br>• Правилно употребува различни прилози во реченица. |
| • Сврзници | • Препознава сврзници во реченици.<br>• Употребува сврзници при составување реченици. |
| • Глаголи<br>(лице и број на глаголите, глаголско време, сегашно време, минато време, идно време, заповеден начин) | • Идентификува лице и број кај глаголите.<br>• Правилно употребува глаголски форми во лице и број.<br>• Идентификува сегашно, минато и идно време кај глаголите.<br>• Правилно употребува глаголски форми за сегашно време, идно време, минато време во усно и писмено изразување.<br>• Идентификува и правилно употребува заповеден начин кај глаголите. |
| • Антоними, синоними и хомоними | • Идентификува и дава примери за зборови со спротивно значење (антоними).<br>• Идентификува и дава примери за зборови со приближно исто значење (синоними).<br>• Идентификува и дава примери за зборови со две или повеќе различни значења (хомоними). |
| • Преносно значење на зборови, изрази и реченици | • Идентификува и толкува зборови, изрази и реченици со преносно значење. |
| • Реченица и реченични членови<br>(подмет, прирок, определби на прирокот) | • Пронаоѓа, именува и објаснува подмет и прирок во реченици.<br>• Пронаоѓа и објаснува определби на прирокот во реченица.<br>• Составува реченици со подмет, прирок и прилошки определби. |
| • Индиректен говор | • Претвора во индиректен говор прашални и заповедни реченици дадени во директен говор.<br>• Претвора во индиректен говор реченици во сегашно или идно време дадени во директен говор.<br>• Издвојува реплики на директен говор од текст напишан во индиректен говор.<br>• Прераскажува случка со користење на индиректен говор. |

| | |
|---|---|
| • Правописни знаци (наводници, три точки, загради, знаци за директен говор) | • Ги препознава и именува правописните знаци (наводници, две точки, три точки, загради) во текст.<br>• Правилно ги употребува правописните знаци при пишување. |
| • Употреба на почетна голема или мала буква | • Препознава точна и неточна употреба на почетна голема и мала буква во разни текстови.<br>• Правилно пишува голема почетна буква кај географски поими, во називи на народи и жители на држави и континенти, во називи на празници и при учтиво обраќање.<br>• Правилно пишува мала почетна буква во називи на жители на градови и села и во датуми. |
| • Пренесување на дел од зборот од еден ред во друг | • Правилно го дели зборот на слогови при пренесување на еден негов дел во следниот ред.<br>• Објаснува како се дели зборот и се пренесува дел од зборот од еден во друг ред. |
| • Скратеници и скратувања на зборовите | • Препознава скратеница во реченица и ја именува во полна форма.<br>• Користи правилни форми на скратеници и скратувања во пишан текст. |
| • Читање со разбирање | • Одговара на прашања за текст што го чита во себе во зададено време.<br>• Резимира прочитан текст со различни јазично-стилски особености (новинарски текст, соопштение, изјава, објава, текст од научно-популарно списание).<br>• Искажува став за тема од прочитан текст и го поткрепува со цитат од текстот. |

**Примери за активности**[1]

- Учениците се поделени во групи од четворица и секоја група е поставена во колона. Првиот ученик од групата кажува еден глас, вториот го запишува во вид на буква, третиот од буквата кажува збор, а четвртиот составува реченица користејќи го тој збор. Истата постапка се повторува четири пати, при што учениците ги менуваат позициите во колоната. Сите групи работат истовремено, на истиот начин. По завршување на работата во групи, во отворена дискусија се заклучува дека јазикот е систем од знаци (гласови, букви, зборови и реченици) што се користат за комуникација (пример: да разговараат со родителите, со

[1] Освен преку туканаведените примери за активности, постигнување на стандардите за оценување од оваа тема се обезбедува и преку нивно интегрирање во активностите од другите теми, особено кога се работи за примена на знаењата од граматиката во практични ситуации при пишување, читање и зборување.

роднините, да остваруваат телефонски разговори со другарите, да читаат пораки и книги, да пишуваат желби, домашни задачи, текстови за детско списание итн.).

- Учениците се делат во четири групи. Едната група покажува примери со мимика, гестови и движења на телото што може да предизвикаат конфликт (на пример: исплазување на јазик, определени движења со рацете за заканување, потценување, навредување...). Втората група ученици покажуваат примери за невербално изразување што позитивно влијае врз односите со другите (на пример: кимање со главата, насмевнување, покажување со палецот нагоре или кружче со палецот и показалецот како знак за одлично направена работа, давање аплауз и сл.). Третата група наведува симболи што пренесуваат пораки (пример: емотикони, црвени рози, нацртано срце, црвен крст и црвена полумесечина). Четвртата група наведува сигнали што се користат за пренесување пораки (црвено и зелено светло, сигнални ракети, училишно ѕвонче). Преку дискусија заеднички се заклучува дека доколку вербалната комуникација не е проследена со невербална, потешко се разбира пораката што се пренесува и дека симболите и сигналите, исто така, служат како помошни средства за пренесување и примање информации.
- Учениците, поделени во групи, наведуваат различни ситуации во последните 24 часа кога и како комуницирале со други. Потоа ги делат ситуациите во две категории: едната означува усна комуникација (пример: разговор со брат/сестра за време на ручек, разговор по телефон со другар/-ка, барање информации од продавачот во продавница, усно одговарање на прашања за време на час), а другата писмена комуникација (пишување СМС-пораки, „чет“ на инстаграм, „пост“ на фејсбук, електронска порака). Секоја група чита по неколку примери од двата вида комуникација и низ отворена дискусија се согледува разликата меѓу нив.
- Учениците се делат во две групи. Учениците од првата група се делат во подгрупи и секоја подгрупа смислува краток дијалог на некоја тема од секојдневниот живот и тоа на дијалект што го зборуваат дома или го зборуваат нивни роднини/соседи/пријатели. Потоа го изведуваат пред соучениците од втората група кои го запишуваат на литературен македонски јазик и дел од нив го изведуваат пред соучениците од првата група. Постапката се повторува со другите подгрупи од првата група. На крајот се наведуваат зборовите од дијалогот што се запишани различно. На тој начин се констатира каква е разликата меѓу користениот дијалект и стандардниот јазик (на пример: во изговорот на зборовите, во гласовите на зборовите и сл.).
- Учениците се делат во парови и секој пар добива по два комплета зборови (на пример: џеб, орев, гулаб, ѕид, снег, нож, рид, маж во едниот и леб, лав, град, мраз, снег, еж, ѕид, беџ во другиот комплет). Едниот ученик од парот ги чита зборовите од својот комплет, а другиот ги запишува. Постапката се повторува за сите зборови – учениците ги читаат/запишуваат наизменично. На крајот учениците меѓусебно се проверуваат колку точно запишале. Се дискутира за тоа кои согласки им било најтешко правилно да ги кажат, односно правилно да ги запишат.
- Учениците слушаат снимен говор во кој говорникот еднаш неправилно, а друг пат правилно акцентира двосложни и трисложни зборови. Учениците „гласаат“ по секој слушнат збор дали е правилно изговорен или не. Наставникот објаснува дека

неправилноста во изговорот се должи на неправилното акцентирање и им го презентира правилото за акцентирање: кај зборовите составени од два слога, при изговор се нагласува вториот слог (на пример: бело, рака, вака итн.), а кај трисложните зборови, при изговор се нагласува третиот слог од десно кон лево (на пример: тетратка, улица итн.). Потоа учениците добиваат листа со двосложни и трисложни зборови кои треба да ги напишат поделени на слогови и да го означат слогот на кој паѓа акцентот. На крајот учениците ги читаат на глас зборовите од листата, прво акцентирајќи ги правилно, а потоа звуковно, нагласувајќи го акцентираниот слог.

- Наставникот пушта приказни кажани на различни дијалекти на македонскиот јазик (најмалку на три). Учениците ги слушаат приказните и ги идентификуваат и запишуваат зборовите што се акцентирани различно од правилото на стандардниот јазик. По секоја слушната приказна неколку ученици кажуваат по еден пример од идентификуваните зборови на дијалект, а други ги кажуваат на стандарден јазик.
- Учениците добиваат работен лист во кој има две колони – едната означена како ***еднина***, а другата како ***множина***. Во левата колона се наведени голем број именки во еднина (од сите три рода) за кои учениците треба, во десната колона, да ја напишат формата во множина (меѓу нив има и такви за кои нема множина). Исто така, во десната колона се наведени голем број именки во множина (од сите три рода) за кои учениците треба, во левата колона, да ја напишат формата во еднина (меѓу нив има и такви за кои нема форма во еднина). На средина меѓу двете колони наведуваат дали именката е во машки, женски или среден род. По завршување на задачата учениците прво ги читаат именките за кои не навеле множина, односно именките за кои не навеле еднина и објаснуваат зошто не навеле. Потоа ги читаат именките со наведена еднина и множина и наведуваат во кој род се. Во отворена дискусија се констатира дека најголем дел од именките имаат и еднина и множина, но и дека има именки кои секогаш се јавуваат само во форма за еднина (на пример: сол, мебел) и такви што секогаш се јавуваат во множинска форма, независно дали се однесуваат на еден или на повеќе предмети (пример: панталони, очила).
- Учениците, поделени во парови, добиваат реченици во кои се употребени именки во еднина, а чија множина е исклучок од правилото за формирање множина (на пример: човек, дете, оган, брат, нож, нога, рака, око, уво). Учениците треба да ги претворат именките во множина и да направат нови реченици со нив.
- Наставникот објаснува што се збирни именки и што се материјални именки. Учениците, поделени во парови, добиваат листа во која се наведени збирни именки (пример: храна, мебел, публика, население, добиток) и материјални именки (пример: сол, шеќер, брашно, железо, пластика, стакло, песок) во измешан редослед. Нивна задача е посебно да ги означат едните и другите. Потоа се читаат збирните именки и посебно материјалните именки. Учениците бараат што е заедничко за едните и другите, по што се заклучува дека и материјалните и збирните именки секогаш се во еднина.
- Наставникот ги претставува показните заменки: овој/оваа/ова/овие, оној/онаа/она/оние и тој/таа/тоа/тие. Учениците добиваат

текст во кој се употребени сите показни заменки во различен род и број со задача да го најдат и подвлечат и да го одредат нивниот род и број. Откако ќе ги прочитаат идентификуваните показни заменки, преку дискусија изведуваат заклучок за тоа кога се користат едните, кога другите, а кога третите (за посочување луѓе и предмети во близина, во далечина и во отсуство). Учениците, поделени во групи, смислуваат реченици во кои правилно ги користат показните заменки што ги кажуваат усно и реченици што ги запишуваат.

- Учениците се делат во три групи. Едната е група *Кој?/Која?/Кое?/Кои?*, другата е група *Чиј?/Чија?/Чие?/Чии?*, а третата е *Што?.* Наставникот чита реченица и секоја група смислува прашање кое започнува со „нејзината“ прашална заменка. За некои од речениците сите три групи ќе може да смислат прашања (пример: *Дарко си го загубил моливот. – Чиј е моливот? – Кој го загубил моливот? – Што загубил Дарко?*), за некои само две групи, а за некои само една од групите. Потоа секоја група добива лист со напишани реченици во кои се употребени прашалните заменки. Нивна задача е да ги идентификуваат и определат според родот и бројот. Точноста на дадените одговори се проверува преку отворена дискусија што ја води наставникот.
- Учениците, поделени во парови, добиваат лист со реченици (на пример: *Ја испив втората чаша вкусен сок. – Третиот ден го посетивме градскиот музеј.*). Учениците ги подвлекуваат бројните придавки и дискутираат за нивниот род и број. Прават проверка на задачата со читање наглас. Потоа, секој пар смислува прашање и одговор во кои се користи некоја бројна придавка, ги запишува и ги чита пред другите. На крајот заеднички се констатира дека бројот и родот на придавките (независно од нивниот вид) зависи од бројот и родот на именките на кои се однесуваат.
- Наставникот преку видеопрезентација прикажува фотографии од музејски и галериски поставки на кои се претставени предмети и инсталации изработени од разни материјали, како на пример: дрво, метал, бронза, бакар, стакло, пластика, камен, мермер, платно, хартија итн., а на секоја фотографија има податоци за експонатот, меѓу кои и за употребениот материјал. По секоја прикажана фотографија учениците ги опишуваат експонатите според материјалот од кој се изработени (пример: *вазна од бронза – бронзена вазна, шешири од хартија – хартиени шешири*). На крајот наставникот укажува дека при опишувањето на експонатите се користени материјални придавки.
- Учениците, поделени во групи, користат *Гугл мапс* (*Google Maps*) за да го идентификуваат растојанието меѓу своето населено место и други пет града во државата. Врз основа на добиените информации составуваат реченици во кои ја споредуваат должината на патот од своето место до другите, користејќи ги следните придавки: *подолг – пократок пат* и *најкус – најдолг пат*. (Пример: *Патот Јегуновце – Теарце е пократок од патот Јегуновце – Дебар. Најдолг е патот Јегуновце – Гевгелија.*). Потоа го користат и степенувањето со **по-** и **нај-** на придавките *висок, низок, длабок, плиток* итн. во реченици кои споредуваат планини, реки, езера и друго во нивната околина.
- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист на кој се напишани повеќе прилози од следните видови: за време, за

место, за начин и за количество (*право, лево, десно, натаму, наваму, понатаму, долго, набргу, потоа, конечно, многу, малку, лесно, тешко, забрзано, кратко, брзо, внимателно, полека, јако, цврсто, сигурно, трпеливо, рачно, вчера, денес, утре, доцна, рано* итн.). Секоја група влече по едно ливче на кои се напишани различни теми (на пример: *Како да стигнам до... – Одиме на екскурзија. – Ќе славиме роденден.*). Учениците од секоја група добиваат задача да смислат текст/дијалог (околу 10 реченици) на темата што ја извлекле, при што треба да искористат што е можно повеќе од прилозите дадени на работниот лист. Откако ќе го прочитаат напишаното, добиваат нова задача: да ги распоредат во четири категории насловени со прашањата: *Кога?, Каде?, Како?* и *Колку?.* Потоа идентификуваат од која категорија се прилозите што ги искористиле во текстот. Во дискусија се заклучува дека направеното групирање соодветствува на видовите прилози (прилози за време, за место, за начин и за количество).

- Учениците, поделени во парови, составуваат реченици од реченични делови распоредени во две колони. Притоа, за секој дел од реченицата напишан во левата колона наоѓаат соодветен дел напишан во десната колона и идентификуваат кој од сврзниците (*и, а, но, бидејќи, зашто, затоа што, да, за да, кога*) напишани под колоните обезбедува логична реченица. Учениците ги читаат одговорите и со помош на наставникот ја утврдуваат нивната точност.
- Учениците, поделени во групи, фрлаат две коцки – на едната се напишани трите лица (по двапати), а на другата двата броја (по трипати). Наставникот кажува еден глагол, а ученикот кој ги фрла коцките во својата група составува реченица со глаголот во лице и број како што му се паднало на коцките. Потоа наставникот кажува друг глагол и следниот ученик во секоја група ги фрла коцките и кажува реченица со тој глагол. Постапката се повторува со сите ученици.
- Учениците добиваат текст во кој се употребени глаголи во различни времиња. Од нив се очекува да ги пронајдат глаголите и да ги внесат во табела со три колони: сегашно, минато и идно време. Потоа ги користат истите глаголи за да направат нови реченици, но овој пат го менуваат времето на глаголот. Дел од новонаправените реченици се читаат наглас.
- Наставникот објаснува како и кога се користи заповеден начин на глаголите. Потоа учениците се делат во групи и секоја група треба да смисли и напише десет реченици во заповедна форма со кои се даваат насоки како да се направи сендвич (пример: *Исечи две парчиња леб! Земи путер од фрижидер!...*), како да се среди собата (пример: *Крени ја облеката од подот! Стави ја во шкафот!...)* или како група ученици да стигнат од училницата до фискултурната сала (пример: *Станете од место! Одете до вратата! Излезете од училницата! Свртете десно по ходникот!...*). Откако групите ќе го презентираат напишаното, преку дискусија се констатира дека заповедната форма на глаголот се искажува во второ лице еднина и множина.
- Наставникот најавува дека ќе играат игра за антоними. Наставникот кажува збор за кој постои друг збор со спротивно значење и им дава на учениците половина минута да го запишат на лист пред себе зборот со спротивно значење. Истата постапка се повторува за повеќе зборови (пример: *голем, долга, добро, грд, црно, паметен, млада* итн.). Еден ученик ја чита листата на новонапишаните зборови, а другите проверуваат дали ги имаат напишано истите зборови. Притоа, наставникот интервенира

доколку е потребна корекција. Потоа друг ученик повторно ја чита листата на новонапишани зборови (еден по еден), но овој пат за секој од нив го кажува и зборот со спротивно значење што претходно го прочита наставникот. На крајот наставникот посочува дека зборовите со спротивно значење се нарекуваат антоними.

- Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат преку играње **Меморија**. Наставникот црта на таблата табела со 20 полиња насловена *Синоними*. За играта се користат 20 листа на кои се напишани 10 пара зборови со исто или приближно значење (на пример: *доктор – лекар; љуби – сака; куќа – дом; недела – седмица; час – саат; зборува – говори; весел – радосен; сопруга – жена; силен – јак; слушнав – чув).* Групите наизменично отвораат по две полиња и добиваат поени доколку ги спариле зборовите со исто или приближно значење. Откако ќе ги спарат сите зборови, наставникот посочува дека спарените зборови се нарекуваат синоними.
- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист (со наслов *Хомоними*) во кој се наведени реченици во кои се употребени зборови што имаат соодветни хомоними (на пример: *Кучето каса со заби. – Коса е алатка за косење трева. – Останал еден лист во тетратката. – Грешките се бришат со гума. – Глувчето на комјутерот ми се расипа. – Денес имаме час по англиски јазик. – Ми се допаѓа твојот син џемпер.*) со задача да го откријат зборот во секоја од речениците што има и друго значење и да направат нова реченица со тој збор што ќе го одразува другото значење. Речениците ги читаат наглас и заеднички констатираат дека зборовите што имаат две или повеќе значења се нарекуваат хомоними.
- Учениците работат во групи со задача да препознаат зборови и зборовни изрази со преносно значење и да ја преформулираат реченицата користејќи ги зборовите/изразите од кои директно се препознава значењето (пример: *Екипата се спушти на дното на табелата. – Екипата е на последно место на табелата.; Се скинаа од смеење на филмот во кино. – Многу се смееја на филмот во кино.*). Групите ги читаат наглас новосоставените реченици и сите заедно дискутираат за изразноста на текстот во кој се користат зборови/изрази со преносно значење и се заклучува дека ваквите зборови/изрази повеќе го привлекуваат вниманието на читателот и оставаат посилен впечаток. На крајот наставникот презентира реченици со преносно значење (пример: *Убавиот збор железни врати отвора.*) и во дискусија учениците го толкуваат нивното значење.
- Наставникот објаснува што е подмет, а што е прирок, користејќи неколку реченици како пример. Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист со напишани реченици (на пример: *Марко влезе во собата. – Јас ја прочитав лектирата*.). Учениците го пронаоѓаат и заокружуваат подметот, а потоа го пронаоѓаат и подвлекуваат прирокот во секоја реченица и ги пишуваат во посебни колони. Потоа читаат наглас што напишале во колоната ПОДМЕТ, а што во колоната ПРИРОК. Така се проверува точноста на дадените одговори. На крај се дискутира која е улогата на подметот, а која на прирокот во реченицата.
- Учениците добиваат листови на кои се напишани реченични шеми според кои тие треба да состават реченици. Во реченичните шеми е внесено појаснување за конкретниот распоред на реченичните членови (на пример: *подмет + прирок + определба за*

*место; подмет (вршител на дејството) + прирок (дејство) + определба на глаголското дејство за време; определба за место (прилог за место) + прирок (сегашно време 3л. едн.) + подмет (сопствена именка)*). Учениците ги читаат примерите и објаснуваат за прилошката определба употребена во секоја реченица.

- Учениците (поделени во парови) добиваат кус текст составен од прости и сложени реченици, при што дел од сложените треба да имаат ист, а дел различен подмет (пример: *Нора чита книга и слуша музика. – Во дворот играат децата, додека таткото готви ручек.*). Учениците имаат задача да го откријат и подвлечат прирокот во секоја реченица, при што наставникот им нагласува дека во некои реченици може да има два или повеќе прирока. Откако ќе ги идентификуваат сите прироци, наставникот укажува дека речениците со еден прирок се нарекуваат прости, а речениците со два или повеќе прирока се нарекуваат сложени. На крај прво се читаат простите реченици од текстот, а потоа и сложените. Заеднички се констатира дека некои сложени реченици имаат ист подмет, а некои имаат различни подмети.
- Учениците, поделени во парови, влечат три ливчиња на кои се напишани различни глаголи (по еден на секое ливче). Нивна задача е да напишат една проста реченица со еден од избраните глаголи, а преостанатите два да ги искористат за сложена реченица со ист или различен подмет. Прво ги читаат простите реченици, а потоа сложените.
- На компјутер/таблет двајца ученици наизменично пишуваат прости и сложени реченици за да состават заеднички текст. Започнува едниот од парот со проста реченица. Се надоврзува другиот од парот, исто така со проста реченица. Продолжуваат со сложена реченица и постапката се повторува сè додека и двајцата не напишат по 4 реченици (по 2 прости и 2 сложени). Потоа простите реченици ги обележуваат со една, а сложените со друга боја. На крајот се чита напишаното, а наставникот контролира дали речениците се правилно напишани, соодветно на насоките.
- Наставникот презентира прашални и заповедни реченици и реченици во сегашно и идно време, сите напишани во директен говор (со користење на правописните правила). Учениците ги претвораат во индиректен говор. Првите две-три претворени реченици ги кажуваат усно, а следните две-три реченици ги запишуваат на лист. Запишаните реченици се читаат и се коментира дали се напишани правилно.
- Учениците добиваат текст напишан во индиректен говор кој прераскажува дијалог меѓу двајца другари/две другарки. Учениците, поделени во парови, го претвораат индиректниот говор во директен и ги запишуваат репликите во дијалогот, почитувајќи ги правописните знаци. Неколку пара го глумат дијалогот според запишаните реплики. Еден ученик го запишува дијалогот на табла, а другите ученици внимаваат дали се правилно употребени правописните знаци.
- Група ученици добиваат кус драмски текст за определена случка во училиште за да го одглумат пред другите. Потоа учениците (самостојно) ја прераскажуваат случката со користење на индиректен говор. Неколку ученици читаат што напишале, па се споредува што е слично, а што е различно во нивните прераскажувања.

- Учениците добиваат работен лист во кој се наведени правописните знаци и има напишани реченици или делови од реченици во кои се испуштени или се погрешно употребени правописните знаци и погрешно се употребени големата и/или малата буква. Задача на учениците е да ги идентификуваат пропустите/грешките и да ги коригираат во текстот. Потоа неколку ученици ги пишуваат речениците/деловите од речениците онака како што мислат дека е правилно, а другите се согласуваат или не се согласуваат со напишаното. На крајот наставникот укажува кој правописен знак е погрешно, а кој е правилно употребен и објаснува зошто. Исто така, наставникот ја објаснува и употребата на почетната голема и мала буква. (На ист принцип може да се креира активност за усвојување на правилата за пренесување зборови од еден во друг ред[2].)
- Учениците, преку квиз поставен електронски (преку *Ментиметар* или *Гугл формс*), ги вежбаат правописните правила. Како модел може да послужи квизот даден на следниот линк: https://quizizz.com/admin/quiz/5e6e7c24a563ee001b46be25/-?fbclid=IwAR1jJ7ygam744waow29oEhdKrLu5E1GUaTZ32G4Nps5y6xT8K_S5jBe4xNI
- Учениците, поделени во парови, добиваат наставен лист со напишани зборови во една колона и нивни скратеници во друга колона, во измешан редослед (на пример, скратениците: *ОУ – основно училиште, ЈСП – Јавно сообраќајно претпријатие, ЕУ – Европска Унија* и скратувањата на зборовите: *стр. – страница*, сл. – слично...). Учениците треба да ги поврзат зборовите со соодветните скратеници/скратувања и меѓусебно да проверат дали правилно го направиле поврзувањето.
- Учениците индивидуално читаат нелитературен текст кој е напишан во научно-популарен стил и потоа го резимираат (во пишана форма) преку кусо претставување на податоците/информациите (заедно со табелите/графиконите/дијаграмите) и нивните толкувања содржани во текстот. Неколку ученици го презентираат напишаното и заеднички се дискутира дали во презентираните текстови се опфатени сите битни информации/податоци и нивните толкувања.
- Учениците индивидуално читаат подолг текст (1 до 2 страници) на тема „Во здраво тело, здрав дух“. Нивна задача е да прават белешки со кои го резимираат текстот. Потоа го искажуваат својот став за темата и го поткрепуваат со цитат од текстот. Откако неколку ученици ќе го прочитаат напишаното, во дискусија се поврзува текстот со ситуации од секојдневниот живот.

**Подрачје: *ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕЊЕ***
**Вкупно часови: 65**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. разликува литературни текстови според формата во која се напишани (поетски, прозни и драмски текстови);

[2] Секогаш кога ќе се реализира активност со пишување, без оглед на кој стандард за оценување е наменета, се проверува употребата на правописните правила и направените грешки се коригираат и се укажува на правилото.

| |
|---|
| 2. анализира и аргументирано интерпретира литературни текстови и текстови од народното творештво;<br>3. прераскажува текстови, да раскажува настани (усно и писмено) и да создава текстови на зададена и на слободна тема.<br>Ученикот/ученичката ќе развива:<br>4. критичко мислење преку читање и анализирање текстови;<br>5. креативност преку писмено изразување. |

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Читање и интерпретација на прозни текстови (расказ, роман, раскажувач, содржина, настан, лик, тема, време, место, идеја) | • Ги идентификува елементите на прозен текст (раскажувач, ликови, содржина, тема, време, место и идеја) преку анализа на текстот.<br>• Ја објаснува причинско-последичната поврзаност меѓу настаните во прозен текст.<br>• Опишува карактеристични особини и постапки на ликовите и релации меѓу ликовите во прозен текст и ги објаснува преку цитати што сам ги издвојува.<br>• Толкува идеи во текст и изразува став по однос на идејата. |
| • Читање и интерпретација на песни за деца (мотив, хумористични песни, пејзажни песни, патриотски песни, стих, строфа, рима, поетска слика) | • Изразно чита и рецитира песни за деца.<br>• Идентификува мотив во поетска песна за деца и разликува вид песна според мотивот (хумористична, пејзажна и патриотска).<br>• Ја анализира композицијата на дадена песна (стихови, строфи и рима).<br>• Ги идентификува поетските слики и ги поткрепува со стихови од песната. |
| • Читање и интерпретација на драмски текстови (лик, дијалог, монолог) | • Изразно чита драмски текст.<br>• Ги идентификува елементите на даден драмски текст: ликови и драмско дејство.<br>• Ја објаснува разликата меѓу дијалог и монолог во драмски текст. |
| • Народно творештво (народна поезија, народни приказни) | • Прави разлика меѓу литературно и народно творештво според авторството, содржината и јазикот.<br>• Пронаоѓа порака во дадена творба од народното творештво. |
| • Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови | • Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и измислени).<br>• Прераскажува содржина на прочитан текст во целост или по делови, според даден план на настаните од текстот.<br>• Раскажува настан од сопствено доживување.<br>• Раскажува по даден воведен текст и смислува нов крај на даден текст.<br>• Креира текстови со едноставни композициски структури на слободна или зададена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.<br>• Пишува краток текст или усно образложува (според план и свои белешки) зошто |

| | |
|---|---|
| | одреден литературен текст му се допаѓа или не му се допаѓа. |

**Примери за активности**

- Учениците добиваат работен лист со два прозни текста (исечоци од два раскази). Во едниот приказната се раскажува во прво лице, а во другиот во трето лице. Од учениците се бара да ги подвлечат глаголите во двата текста. Во дискусија се споредуваат глаголските форми во едниот и другиот текст и се прави разлика меѓу два вида раскажувачи: во прво лице и во трето лице.
- Учениците индивидуално читаат кус расказ. Потоа, поделени во групи од шестмина, влечат од комплет ливчиња на кои е напишано (по едно на ливче): *СОДРЖИНА: Прераскажи го расказот!; ТЕМА: За што се раскажува во расказот?; ЛИКОВИ: Кои се ликовите во расказот?; ВРЕМЕ: Кога се случуваат настаните?; МЕСТО: Каде се случуваат настаните?; ИДЕЈА: Која е поракета од расказот?.* Секој во групата одговара на прашањата/барањата што ги извлекол, а другите слушаат и по потреба дополнуваат или коригираат. По завршување на работата во групите наставникот ги поставува прашањата за секој елемент од расказот и ученици од различни групи ги одговараат. На крајот заеднички заклучуваат кои се елементите на расказот (и на секој друг прозен текст) и како се откриваат при анализа на текстот.
- Учениците, откако дома прочитале прозен текст од зададена лектира и ја прераскажале содржината на текстот во тетратка, ја прават анализата на часот. Секој ученик писмено одговара на прашањата за другите елементи на текстот: раскажувач, ликови, тема, време, место и идеја. Потоа учениците читаат што напишале (по неколку ученици за секој елемент) и за тоа време другите дополнуваат или коригираат (по потреба).
- Учениците индивидуално читаат кус расказ во кој се опишани повеќе настани во низа. По читањето тие се делат во групи и во рамки на групата ги идентификуваат настаните во расказот и еден по еден ги раскажуваат настаните по редоследот на случување. Во рамки на групата ги определуваат причините за случување на секој настан и последиците од неговото случување, како и кои ликови и кои нивни постапки го определуваат текот на настаните. Секоја група презентира до кои сознанија дошла при анализата. Потоа заеднички се дискутира за тоа дали може да се измени редоследот на случување на настаните во расказот и какви би биле последиците од таквата промена и се констатира дека за полесно да го разбереме прочитаниот текст ги подредуваме настаните по редоследот на случување и ги утврдуваме причинско-последичните односи меѓу настаните.
- Учениците добиваат задача дома да прочитаат детски роман (од листата за лектири) и додека читаат да прават белешки за особините на ликовите и каде се тие опишани во романот. На часот работат поделени во групи. Секоја група добива два лика од романот (различни групи може да работат на различни комбинации од ликови) со задача да го опишат секој лик, наведувајќи најмалку три негови карактеристични особини (во врска со изгледот, способностите, однесувањето). Потоа за секоја од наведените особини треба да најде цитати во романот од кои се гледа дека ликот ја поседува токму таа особина, така што ќе го препише текстот и ќе ја наведе страницата во книгата каде што се наоѓа. Цитатите треба да се однесуваат на директни описи на особините што се

дадени во романот и/или на постапките што ги презел ликот преку кои се заклучува дека ја поседува особината. Дополнително, групата ги определува и релациите меѓу ликовите (на пример: дали се другари/роднини..., дали односите им се добри или лоши итн.) и преку избрани цитати го поткрепува тоа. Секоја група ја презентира својата работа. (Активноста може да се реализира на два часа – на едниот да се прави анализа на еден лик, а на вториот на другиот лик и на релациите меѓу ликовите.)

- Учениците слушаат снимени записи од рецитирања поезија за деца и потоа заеднички констатираат што е различно кога се чита песна од читање прозен текст. Потоа, поделени во групи, добиваат по една песна за деца и секој во групата изразно ја чита наглас, трудејќи се да го следи начинот на кој се рецитира поезијата во снимката. Секој ученик од групата учи по една строфа напамет и заедно ја рецитираат песната пред сите. Другите групи им даваат повратна информација за тоа како го доживеале рецитирањето.
- Учениците, поделени во групи, добиваат по една хумористична, патриотска и пејзажна песна од поезија за деца. Нивна задача е откако ќе ги прочитаат песните да ги споредат во поглед на мотивот – да идентификуваат која од нив е хумористична, која е патриотска, а која е пејзажна и да објаснат зошто ги определија како такви. Потоа ги споредуваат во поглед на композицијата – наведуваат колку строфи има секоја песна и по колку стихови има секоја строфа и определуваат која песна има рима и од каде се гледа тоа. Споредбата ја запишуваат во табела во која под насловот на секоја песна ги наведуваат нејзините карактеристики. Направената анализа ја презентираат пред другите.
- Учениците во пар читаат пејзажна песна и усно одговараат на прашања кои служат за да се открие мотивот на песната (пример: *Што мислите, зошто песната го има тој наслов?; Што најмногу ви се допаѓа во неа?; Какво расположение побудува?; Кои зборови/стихови ви оставија впечаток?; Зошто?; Дали може да ја претставите песната во неколку збора?; Какви чувства изразува?; За какви убавини се зборува во песната?*). На крајот им се поставува прашањето: *Според кажаното, кој е мотивот во оваа песна?,* кое треба писмено да го одговорат. Неколку ученици читаат што напишале, а другите коментираат и дополнуваат.
- Учениците добиваат лист со избрани стихови од различни песни за деца. Нивна задача е откако ќе ги прочитаат стиховите да одговорат на прашањето: *Што им зборуваат овие стихови на нашите сетила, што можеме да замислиме, чуеме, миризнеме, каква поетска слика создаваат стиховите кај нас?* Учениците треба прво да ги пронајдат и потцртаат зборовите кои ги поттикнале да си создадат слика за она што се кажува во секој од нив, а потоа и да ги нацртаат сликите. Секој ученик пред другите претставува и опишува по една од сликите што си ги замислил и ги кажува зборовите од стиховите што го поттикнале на тоа. Наставникот укажува дека сликите што си ги замислиле се нарекуваат поетски слики и учениците ги споредуваат поетските слики што се поттикнати од различните песни/стихови и објаснуваат од каде произлегуваат разликите меѓу нив.
- Учениците слушаат снимени записи од драмска претстава за деца, а потоа заеднички констатираат што е различно кога се искажува драмски текст од тоа како се чита прозен текст. Поделени во групи добиваат драмски текст и најпрво секој изразно го чита целиот текст индивидуално, обидувајќи се да влезе во улога на секој од ликовите. Потоа си ги делат улогите и изразно го читаат својот дел

од текстот, како да ја глумат улогата. Секоја група презентира дел од текстот пред другите. Се дискутира чија улога била најтешка да се изрази со читање, а која најлесна и зошто.

- Учениците индивидуално читаат подолг извадок од драмски текст за деца во кој освен дијалози меѓу неколку ликови има и монолог. По читањето се делат во групи и во рамки на групата ги идентификуваат деловите од текстот каде што ликовите разговараат еден со друг и деловите од текстот каде што еден лик се обраќа на читателите/публиката или ги искажува сам наглас своите размислувања. Наставникот ја објаснува разликата меѓу дијалог и монолог, а потоа една група го чита монологот, а другите групи ги читаат одделните дијалози.
- Учениците гледаат драмска претстава за деца и потоа во дискусија ги идентификуваат ликовите. Секој ученик индивидуално го прераскажува драмското дејство во тетратка. Еден од учениците чита што напишал, а другите дополнуваат или коригираат ако има потреба.
- Учениците, поделени во групи, имаат задача да пронајдат различни творби од народната книжевност. При своето истражување треба да забележат од каде се творбите, на кој жанр припаѓаат (приказна, народна песна, поговорка, гатанка) и каква народна мудрост (порака) пренесуваат. На часот секоја група избира по една творба од секој жанр и прави презентација за нив. Материјалите се собираат и се уредуваат како посебна книга со наслов *Народно творештво*.
- Учениците гледаат народна приказна. Тие, поделени во групи, имаат задача да ги идентификуваат разликите меѓу народната приказна и прозните литературни текстови во поглед на јазикот на кој се напишани и кој ги создал. Во отворена дискусија се констатира дека прозните литературни текстови се уметнички творби напишани од автор. За разлика од нив, народните приказни ги имаат следните карактеристики: создадени се усно (без да се знае авторот), се пренесувале и менувале од една генерација на друга, сè додека некој не ги запишал, раскажани се на народен говор и ги пренесуваат народните обичаи.
- Учениците, поделени во групи, добиваат по една песна од народната поезија или по една куса народна приказна (различни за секоја група). Откако ќе ги прочитаат, во групите зборуваат за мотивот и за начинот на кој се претставени настаните, појавите, ликовите и релациите меѓу нив. Потоа секоја група ја чита прво приказната и ја кажува нејзината порака, па потоа ја чита песната и ја кажува нејзината порака. На крајот наставникот поведува разговор за традиционалните улоги кои се претставуваат во народното творештво, како и за родовите и другите стереотипи кои се спротивни на современото живеење.
- Во кутија се ставени ливчиња на кои се напишани: ликови (лик од цртан филм или од филм, вештерка, самовила), објекти (железничка станица, детско игралиште, замок, вселенски брод), пејзажи (шума во есен, езерско крајбрежје во лето, планина на друга планета), појави (паѓа снег, надојдена река, дожд од скакулци). Секој ученик влече едно ливче и го опишува во тетратка тоа што го извлекол, користејќи што е можно повеќе детали и описни придавки. Неколку ученици го читаат описот наглас, а другите им даваат повратна информација.

- Учениците, поделени во групи, добиваат литературен текст и самостојно го читаат. Потоа прават план на настаните од текстот (редоследно ги набројуваат настаните). Во рамки на групата секој писмено прераскажува по еден настан од планот. Потоа сите заедно ги спојуваат настаните по редоследот, ги читаат и коригираат за да добијат целосен прераскажан текст.
- Учениците добиваат задача да се потсетат на некоја интересна или возбудлива случка од сопствено доживување која би сакале да им ја раскажат на другите. Секој добива работен лист за да одговори на следните прашања: *Кој учествуваше?; Каде се случи?; Кога се случи?; Што се случи (што прво, што потоа...)?; Како се чувствуваше?; Зошто беше интересно/возбудливо?* Откако ќе се одговорат прашањата, учениците се делат во групи. Секој ученик, во рамки на својата група, им ја раскажува случката на другите, при што треба да ги опфати сите претходно дадени одговори на прашањата, со полна слобода да го менува нивниот редослед. Секоја група ги избира најинтересните/највозбудливите случки и сите ученици од групата им помагаат на учениците чии случки се избрани да ги запишат тие случки. Ученик кој не учествувал во избраната случка ја прераскажува пред сите. На крајот сите ученици ги избираат најинтересните/највозбудливите настани и заеднички ги прераскажуваат за да состават збирка на раскази од нивните доживувања.
- Учениците добиваат интересен и инспиративен текст кој претставува почеток на некоја приказна. Нивна задача е да продолжат и да развијат цела приказна. Учениците се делат во групи и секој ученик ја чита својата приказна во групата. Секоја група ја избира најинтересната приказна и таа се чита пред целата паралелка.
- Учениците добиваат кус расказ. Откако ќе го прочитаат, добиваат задача да го изменат крајот на расказот на тој начин што ќе го дополнат со нова содржина или ќе ја сменат содржината во друга насока. Измената што ја смислиле ја запишуваат. Неколку ученици го читаат изменетиот крај и објаснуваат што постигнале со промената.
- Учениците индивидуално пишуваат текст по претходно договорен план за почитување на композиција на текст (воведен дел, главен дел и заклучок) на тема „Другарство“. Напишаното го читаат наглас, а другите ученици издвојуваат и запишуваат по една реченица од слушнатиот текст која им оставила најголем впечаток.
- Учениците самостојно избираат и читаат текст од книга во библиотеката. На час секој ученик кажува кој текст го прочитал и кој дел од текстот најмногу му се допаднал (поради впечатоците што му ги оставил, чувствата што му ги побудил, размислувањата што му ги поттикнал, особините и/или постапките на ликовите). (Оваа активност може да се реализира на повеќе часови – по неколку ученици секој час.)

| **Подрачје:** ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА***<br>**Вкупно часови: 10** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. прави разлика меѓу традиционални и дигитални медиуми и да ги објаснува нивните предности и недостатоци;<br>2. разликува факти и мислења во медиумските содржини и да креира медиумски содржини со користење факти и мислења;<br>3. користи едноставни начини за верификување на информации и фотографии од интернет.<br>Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:<br>4. последиците од претерано користење на социјалните мрежи;<br>5. потребата од проверка на вистинитоста на информациите на интернет и на социјалните мрежи. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Традиционални и дигитални медиуми**<br>• **Социјални медиуми** | • Ги наведува сличностите и разликите меѓу традиционалните и дигиталните медиуми.<br>• Ги објаснува предностите и недостатоците на користењето интернет при пребарување содржини.<br>• Ги објаснува предностите и недостатоците на социјалните медиуми. |
| • **Факти и мислења**<br>(информација, вест, интервју, лажна информација/дезинформација) | • Прави разлика меѓу пренесување факти и искажување личен став/мислење во медиумските содржини.<br>• Креира кратка вест за настан.<br>• Креира медиумска содржина преку која се пренесуваат факти и/или мислења.<br>• Креира едноставни прашања за спроведување интервју.<br>• Користи едноставни начини за проверка на веродостојноста на медиумските содржини на интернет. |
| **Примери за активности**<br><br>• Наставникот укажува дека медиумите се делат на традиционални и дигитални (нови). Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист во кој се наведени различни медиуми, како на пример: телевизија, весници, радио, списанија, *Снепчет*, *Твитер*, електронски портали, *Месинџер*, *Фејсбук*, СМС-пораки, *Јутјуб*, *Инстаграм*, *Тик-ток*, *Вибер*. Задача на групите е да ги распоредат наведените медиуми во двете категории: традиционални и дигитални (нови) медиуми. По презентирањето на работата на групите се води дискусија за тоа што е заедничко за медиумите што се групирани во едната категорија, а што за тие во другата, по што се разликуваат двете категории на медиуми и што е заедничко за сите медиуми. На крајот се констатира дека сите медиуми се канали за комуникација преку кои се пренесуваат информации и/или пораки, но разликата е во тоа што преку традиционалните медиуми (во печатена или во електронска форма) пораките | |

се пренесуваат еднонасочно, од еден испраќач кон повеќе приматели, додека преку дигиталните медиуми пренесувањето е повеќенасочно, односно примателот на пораките може да реагира на содржините, и веќе во следниот момент може да биде и креатор и испраќач на содржини.

- Учениците на час гледаат краток документарен филм *Авантура низ медиумската писменост* (https://avmu.mk/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B5%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BC%D0%B5%D0%BD/ ). Наставникот отвора дискусија во врска со филмот по следните прашања: Какви содржини може да се најдат на интернет?; На какви опасности и замки може да се наиде при пребарување содржини на интернет? По гледањето на филмот учениците, поделени во групи, на ливчиња пишуваат три позитивни и три негативни искуства при пребарување содржини на интернет. Ливчињата ги лепат на табла и наставникот ги користи за да отвори дискусија од која треба да се заклучи дека интернетот, од една страна, нуди многу можности за информирање, комуницирање, учење и забава, но, од друга страна, преку интернетот се пренесуваат и многу информации и содржини кои може да бидат невистинити, штетни и опасни за корисниците.
- Наставникот покажува ознаки на различни социјални мрежи (*Вибер*, *Фејсбук*, *Инстаграм*, *Тик-ток*, *Месинџер*, *Снепчет*), учениците ги идентификуваат социјалните мрежи и кажуваат кои од нив ги користат и за каква цел (на пример: за комуникација, за информирање, за забава, за едукација). Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист за споредба меѓу комуникација преку социјални медиуми и комуникација во живо, по однос на следните критериуми:
  - *создавање и одржување контакти*
  - *претставување на сопствените вештини  и можности*
  - *изразување вистински чувства*
  - *прикажување лажна слика за себе*
  - *достапност на информации*
  - *вистинитост на информациите*
  - *едукативни цели и активности.*

  Споредбата ја прават така што запишуваат која е предноста на секој од двата вида комуникација во однос на секој од наведените критериуми и во што се состои таа предност (пример: *Социјалните медиуми овозможуваат создавање на повеќе контакти и секојдневно одржување на контактите со пријателите на различни локации, додека пак контактите што се создаваат и одржуваат преку комуникацијата во живо се поблиски/непосредни*). Групите ја презентираат својата работа. На крајот се резимира дека комуникацијата преку социјалните медиуми има доста предности, но дека не може да биде замена за комуникацијата во живо.
- Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист со десетина тврдења за кои треба да означат дали укажуваат на факти или на мислења, според тоа дали може да се докаже дека се вистинити или не. (Примери за факти: *На кучето му треба храна за да може да*

*преживее. – Езерата и планините нудат можност за рекреација. – Сладоледот се прави во различни вкусови.* Примери за мислења: *Кучето е најверен пријател на човекот. – Одењето на плажа е позабавно од качувањето по планини. – Најубав е сладоледот со чоколаден вкус.*) По усогласувањето на точните одговори, преку дискусија се заклучува дека фактите може да се проверат и да се докаже дека се вистинити и дека се непристрасни (не поддржуваат едно гледиште, туку ја презентираат информацијата на објективен начин), додека мислењата одразуваат гледишта и верувања за определени работи и затоа се субјективни и пристрасни.

- Наставникот прво презентира новинарска вест во која се презентирани само факти за сообраќајна несреќа, а потоа презентира новинарски текст што ги содржи одговорите на повеќе луѓе кои зборуваат за несреќата што се случила и завршува со неговото мислење за несреќата. Учениците, поделени во групи, ги споредуваат двата текста за да одговорат на прашањето на наставникот: *Каде се презентирани факти, а каде мислења?* Групите ги споделуваат своите одговори и заеднички се констатира дека во новинарската вест се дадени информации во вид на факти/податоци, а во другиот текст се искажуваат мислења/ставови во врска со некоја појава или ситуација. Се дискутира за разликата меѓу фактите и мислењата во поглед на нивната вистинитост и можноста да се проверат/потврдат, како и во поглед на тоа дали изразуваат нечии ставови/верувања или се базираат на посматрање/истражување. На крајот групите подготвуваат презентација за причините за случување сообраќајни несреќи (по една од следните причини по група: брзо возење, поминување на црвено на семафор, возење под дејство на алкохол) во која наведуваат и факти што ги наоѓаат на интернет, од релеванти извори и даваат свое мислење во врска со темата.
- Учениците, поделени во групи, избираат некој интересен настан што се случил во училиштето или во нивното место на живеење. Нивна задача е да напишат вест за настанот со користење факти – да кажат што се случило, кој учествувал, како, каде и кога се случило. Еден од учениците, во улога на новинар, го чита напишаниот текст, а друг го снима со мобилен телефон. Снимките на сите групи се презентираат и заеднички се вреднуваат во поглед на тоа дали се застапени сите барани елементи за опишување на настанот (што, кој, каде, кога и како).
- Учениците, поделени во групи, изработуваат медиумски текст чија цел е да ги информира помалите ученици и да им објасни зошто не треба да се користат пластичните кеси и пластичниот прибор за јадење и пиење. Нивна задача е да користат убедливи факти и мислења на експерти за штетноста од користењето пластични предмети за планетата Земја. Информациите може да ги бараат на интернет или од други медиуми. Напишаните текстови им се читаат на помалите ученици за време на час или се спојуваат во брошура што им се дели.
- Учениците, поделени во групи, смислуваат по 3 прашања наменети за интервју за да добијат мислење од психологот или од педагогот во училиштето за тоа како учениците да развијат навики за здраво живеење. Групите ги читаат прашањата и во заедничка дискусија се избираат 5 до 6 прашања што ќе ги поставаат во вистинско интервју. За време на спроведувањето на интервјуто еден ученик ги поставува прашањата, друг ги запишува одговорите, а трет снима со мобилен телефон. Интервјуто се објавува на веб-страницата на училиштето во пишана и/или во снимена форма.
- Наставникот подготвува лажна информација под наслов *Горила избега од зоолошката градина во Њујорк.* Во текстот се наведува кога избегало животното, се нагласува опасноста од горила на слобода и се предупредуваат луѓето да не излегуваат од дома. Притоа, не се спомнува Њујорк, ниту изворот на веста. Текстот е придружен со фотографија на горила што шета по улица од некој град. Веста, заедно со

фотографијата, наставникот ја споделува со учениците. Учениците се делат во мали групи и добиваат задача да ја проверат вистинитоста на веста и веродостојноста на фотографијата. За таа цел пребаруваат на интернет – впишуваат *Горила избега од зоолошка* и откриваат дека објава за таква вест од релевантни извори нема. За проверка на фотографијата ја користат страницата https://images.google.com/ (според насоките што им ги дава наставникот) и констатираат дека фотографијата е од друг град. Заеднички се констатира дека веста е лажна, а фотографијата не е веродостојна. Преку дискусија се заклучува дека е многу лесно (особено преку социјалните медиуми) да се пласираат лажни информации и да се споделуваат лажни или изменети фотографии.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и ги оценува:

- изработките на ученикот (творби, искази и сл.);
- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- одговорите дадени во наставните листови;
- практичните изведби (читањето, пишувањето);
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето.

Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамки на секое програмско подрачје. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2022/2023 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за V одделение.** | Решение бр. 08-17534/2<br>17.12.2021година |